## ПИСМЕНО МИСЛЕЊЕ КОН
## РЕВИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

1. Врз основа на Законот за банки, Собранието на акционери на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, на седницата одржана во Мај 2015 година, го избра ревизорското друштво Грант Торнтон ДОО за овластено ревизорско друштво коешто ќе изврши ревизија на финансиските извештаи, сметководствената евиденција и информатичките системи поврзани со работењето на Банката во деловната **2016** година.

2. Избраното ревизорско друштво ги ревидираше финансиските извештаи на Банката коишто го вклучуваат билансот на состојба со состојба 31.12.2016 година и билансот на успех, сеопфатната добивка, промените во капиталот и резервите и паричниот тек за годината што заврши.

3. Раководството на Банката е одговорно за изготвување и објективно презентирање на Финансиските извешати, во согласност со регулативата на НБРМ.

4. Членовите на Надзорниот одбор ги разгледаа ревидираните финансиски извештаи и соодветното ревизорско мислење и заклучија дека финансиската позиција и резултатите од работењето на Банката се презентирани објективно во релевантните Финансиски извештаи.

5. Надзорниот одбор би сакал да ја изрази својата благодарност кон ревизорското друштво за нивната соработка и придонес.

**Надзорен одбор**